Врз основа на член 40 став (1), член 44, член 45 став (3), член 47 став (3) и член 48 став (2) од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 3/25), министерот за дигитална трансформација донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СТАНДАРДИТЕ КОИ ТРЕБА ДА ГИ СОДРЖАТ КВАЛИФИКУВАНИТЕ СЕРТИФИКАТИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИС И ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ПЕЧАТ, ТЕХНИЧКИТЕ СТАНДАРДИ КОИ ТРЕБА ДА БИДАТ ИСПОЛНЕТИ, КАКО И НАЧИНОТ НА СОЗДАВАЊЕ НА КВАЛИФИКУВАНИ ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИСИ ИЛИ КВАЛИФИКУВАНИ ЕЛЕКТРОНСКИ ПЕЧАТИ ОД СТРАНА НА ДАВАТЕЛИТЕ НА КВАЛИФИКУВАНА ДОВЕРЛИВА УСЛУГА, СТАНДАРДИТЕ КОИ ТРЕБА ДА ГИ СОДРЖАТ ПОТВРДИТЕ ЗА ВАЛИДАЦИЈА НА КВАЛИФИКУВАН ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИС ИЛИ КВАЛИФИКУВАН ЕЛЕКТРОНСКИ ПЕЧАТ И СТАНДАРДИТЕ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ КВАЛИФИКУВАНАТА ДОВЕРЛИВА УСЛУГА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА КВАЛИФИКУВАНИ ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИСИ ИЛИ КВАЛИФИКУВАНИ ЕЛЕКТРОНСКИ ПЕЧАТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат стандардите кои треба да ги содржат квалификуваните сертификати за електронски потпис и за електронски печат, техничките стандарди кои треба да бидат исполнети како и начинот на создавање на квалификувани електронски потписи или квалификувани електронски печати од страна на давателите на квалификувана доверлива услуга, стандардите кои треба да ги содржат потврдите за валидација на квалификуван електронски потпис или квалификуван електронски печат, како и стандардите кои треба да ги исполни квалификуваната доверлива услуга за зачувување на квалификувани електронски потписи или квалификувани електронски печати.

Член 2

Стандардите кои треба да ги содржат квалификуваните сертификати за електронски потпис и квалификуваните сертификати за електронски печат се:

- ETSI EN 319 412-1 и

- ETSI EN 319 412- 5.

Покрај стандардите од став 1 на овој член, кои треба да ги содржат квалификуваните сертификати за електронски потпис, за квалификуваните сертификати издадени на физички лица, треба да го содржат и стандардот ETSI EN 319 412-2.

Покрај стандардите од став 1 на овој член, кои треба да ги содржат квалификуваните сертификати за електронски потпис или за електронски печат издадени на правни лица, треба да го содржат и стандардот ETSI EN 319 412-3.

Квалификуваните сертификати за електронски потпис содржат:

(а) показател, најмалку во форма погодна за автоматска обработка, дека сертификатот е издаден како квалификуван сертификат за електронски потпис;

(б) збир на податоци кои недвосмислено го претставуваат давателот на квалификувани доверливи услуги кој го издал квалификуваниот сертификат за електронски потписи:

- за правно лице: името и единствениот матичен број на субјектот,

- за физичко лице: името на лицето;

(в) јасно се наведува името на потписникот или псевдонимот; доколку се користи псевдоним;

(г) податоци за потврдување на електронскиот потпис кои одговараат на податоците за создавање на електронскиот потпис;

(д) информации за почетокот и крајот на периодот на важност на сертификатот;

(ѓ) идентификациски код на сертификатот, кој треба да е единствен за давателот на квалификувани доверливи услуги;

(е) напреден електронски потпис или напреден електронски печат на давателот на квалификувани доверливи услуги кој го издал сертификатот;

(ж) локацијата на која може да се провери сертификатот кој го поддржува напредниот електронски потпис или напредниот електронски печат, наведени во точката (е), без надомест;

(з) локацијата на услугите до кое може да се упатат барања за проверка на валидноста на квалификуваниот сертификат;

(ѕ) кога податоците за создавање на електронски потпис се поврзани со податоците за валидација на електронски потпис, се наоѓаат во средство за создавање на квалификуван електронски потпис, соодветно се наведуваат во форма погодна за автоматска обработка.

Квалификуваните сертификати за електронски печат содржат:

(а) показател, најмалку во форма погодна за автоматска обработка, дека сертификатот е издаден како квалификуван сертификат за електронски печат;

(б) збир на податоци кои недвосмислено го претставуваат давателот на квалификувани доверливи услуги кој го издал квалификуваниот сертификат за електронски потписи:

- за правно лице: името и единствениот матичен број на субјектот;

- за физичко лице: името на лицето;

(в) името на создавачот на електронскиот печат и единствениот матичен број на субјектот;

(г) податоци за потврдување на електронскиот печат кои одговараат на податоците за создавање на електронскиот печат;

(д) информации за почетокот и крајот на периодот на важност на сертификатот;

(ѓ) идентификациски код на сертификатот, кој треба да е единствен за давателот на квалификувани доверливи услуги;

(е) напреден електронски потпис или напреден електронски печат на давателот на квалификувани доверливи услуги кој го издал сертификатот;

(ж) локацијата на која може да се провери сертификатот кој го поддржува напредниот електронски потпис или напредниот електронски печат, наведени во точката (е), без надомест;

(з) локацијата на услугите до кое може да се упатат барања за проверка на валидноста на квалификуваниот сертификат и

(ѕ) кога податоците за создавање на електронски потпис се поврзани со податоците за валидација на електронски потпис, се наоѓаат во средство за создавање на квалификуван електронски потпис, соодветно се наведуваат во форма погодна за автоматска обработка.

Квалификуваните сертификати за електронски печати издадени на правните лица кои вршат платен промет треба да го исполнуваат стандардот ETSI TS 119 495.

Член 3

Квалификуваните сертификати за електронски потпис и квалификуваните сертификати за електронски печат треба да се издадени од давател на квалификувана доверлива услуга и да ги исполнуваат техничките стандарди:

- ETSI EN 319 401;

- ETSI EN 319 411-1;

- ETSI EN 319 411-2 и

- ETSI TR 119 411-4.

Член 4

Средствата за создавање на квалификуван електронски потпис, преку соодветни технички и процедурални мерки треба да ги исполнат следните стандарди:

(а) доверливоста на податоците за создавање на електронски потпис е обезбедена;

(б) податоците за создавање на електронски потпис се уникатни;

(в) податоците за создавање на електронски потпис не се достапни без електронскиот потпис и истиот е заштитен од фалсификување со користење на технологијата која е достапна и

(г) потписникот може податоците за создавање на електронски потпис безбедно да ги заштити од користење од други лица.

Средствата за создавање на квалификуван електронски потпис немаат можност да ги изменат податоците на кои треба да се нанесе електронскиот потпис и на потписникот му се овозможува видливост на податоците пред потпишувањето.

Создавањето или управувањето со податоците за создавање на електронски потпис во име на потписникот треба да се врши единствено од страна на давателот на квалификувани доверливи услуги кој го издава електронскиот потпис.

Давателите на квалификувани доверливи услуги кои управуваат со податоците за создавање на електронски потпис во име на потписникот, може да ги умножат податоците за создавање на електронски потпис единствено заради обезбедување на резервен примерок, ако:

(а) безбедноста на умножените податоци е на исто ниво на безбедност како и оригиналните податоци и

(б) бројот на умножените податоци не го надминува минимумот потребен за обезбедување на континуитет на услугата.

Член 5

Средствата за создавање на квалификуван електронски потпис и квалификуван електронски печат кога податоците за создавање на електронски потпис или електронски печат се чуваат во целост, но не се исклучиво управувани од корисникот, се смета дека се безбедни производи од информатичка технологија доколку се исполнети следните стандарди:

а) ISO / IEC 15408 - Информатичка технологија - Безбедносни техники - Критериуми за евалуација за ИТ безбедност, Делови 1 до 3 како што е наведено подолу:

1. ISO / IEC 15408-1: 2009 - Информатичка технологија - Безбедносни техники -

Критериуми за евалуација за ИТ безбедност - Дел 1. ISO, 2009 година;

2. ISO / IEC 15408-2: 2008 - Информатичка технологија - Безбедносни техники -

Критериуми за евалуација за ИТ безбедност - Дел 2. ISO, 2008 година и

3. ISO / IEC 15408-3: 2008 - Информатичка технологија - Безбедносни техники -

Критериуми за евалуација за ИТ безбедност - Дел 3. ISO, 2008;

б) ISO / IEC 18045: 2008: Информатичка технологија - Безбедносни техники -

Методологија за проценка на безбедноста на ИТ и

в) EN 419 211 – Заштита на профили за безбедно создавање на средство за електронски

потпис, Делови 1 до 6 - како што е соодветно наведено подолу:

1. EN 419211-1: 2014 - Заштита на профили за безбедно создавање на средство за

електронски потпис - Дел 1: Преглед;

2. EN 419211-2: 2013 - Заштита на профили за безбедно создавање на средство за

електронски потпис - Дел 2: Средство со клуч за генерирање;

3. EN 419211-3: 2013 - Заштита на профили за безбедно создавање на средство за

електронски потпис - Дел 3: Средство со вметнување на клуч;

4. EN 419211-4: 2013 - Заштита на профили за безбедно создавање на средство за

електронски потпис - Дел 4: Надградување на средството со клуч за генерирање и

доверлив извор за сертификација на апликација за генерирање;

5. EN 419211-5: 2013 - Заштита на профили за безбедно создавање на средство за електронски потпис - Дел 5: Надградување на средството со клуч за генерирање и доверлив извор за апликација за создавање електронски потпис и

6. EN 419211-6: 2014 - Заштита на профили за безбедно создавање на средство за електронски потпис - Дел 6: Надградување на средството со вметнување на клуч и доверлив извор до апликацијата за создавање на електронски потпис.

Доколку квалификуваниот електронски потпис или квалификуваниот електронски печат е создаден на начин соодветен за потпишување или за печатирање од далечина, тогаш системите кои се користат за негово создавање треба да ги исполнуваат стандардите:

- CEN EN 419 241-1;

- CEN prEN 419 241-2 и

- CEN EN 419 221-5.

Давателот на квалификувана доверлива услуга кој издава квалификуван електронски потпис или квалификуван електронски печат со кој може да се потпишува или да се употребува од далечина, треба да ги исполни стандардите:

- ETSI TS 119 431-1;

- ETSI TS 119 431-2 и

- ETSI TS 119 432.

Доколку квалификуваниот електронски потпис или квалификуваниот електронски печат е создаден на начин погоден за машинска обработка на формати, тогаш треба да ги исполни следните технички стандарди:

- ETSI TS 119 172-2 за HML формат на потпишување или печатирање и

- ETSI TS 119 172-3 за ASN.1 формат на потпишување или печатирање.

Член 6

Потврдата за валидација на квалификуван електронски потпис и за валидација на квалификуван електронски печат треба да е издадена во согласност со стандардот ETSI TS 119 102-2.

Давателот на квалификувана доверлива услуга за валидација на квалификуван електронски потпис и за валидација на квалификуван електронски печат треба да го исполни стандардот ETSI TS 119 441 и да го имплементира протоколот за валидација на квалификуван електронски потпис определен со стандардот ETSI TS 119 442.

Член 7

Квалификуваната доверлива услуга - зачувување на квалификувани електронски потписи или квалификувани електронски печати треба да ги исполни следните стандарди:

- ETSI TS 119 511 и - ETSI TS 119 512.

Член 8

Создавањето на електронскиот потпис и неговата валидација треба да е во согласност со стандардот ETSI TR 119 100.

Политиките и безбедносните барања кои треба да ги исполнат апликациите за создавање на електронски потпис и негова валидација треба да се во согласност со стандардот ETSI TS 119 101.

Криптографските пакети кои ги содржат електронските потписи треба да се во согласност со стандардот ETSI TS 119 312.

Употребата на криптографските пакети треба да е во согласност со упатствата определени со стандардот ETSI TR 119 300.

Член 9

Кога се бара употреба на напреден електронски потпис поддржан од квалификуван сертификат, тогаш се употребува напредниот електронски потпис во XML, CMS или PDF формат:

- на основно ниво на сообразност или

- потврден со електронски временски жиг или

- електронскиот потпис содржи долгорочни податоци или

- се користат придружни пакети на електронски потпис, кога тие потписи се во

согласност со техничките стандарди определени со членовите 13 и 14 од овој правилник.

Член 10

Кога се бара употреба на напреден електронски печат поддржан од квалификуван сертификат, тогаш се употребува напредниот електронски печат во XML, CMS или PDF формат:

- на основно ниво на сообразност или

- потврден со електронски временски жиг или

- електронскиот печат содржи долгорочни податоци или

- се користат придружни пакети на електронски печат, кога тие печати се во согласност со техничките стандарди определени со членовите 13 и 14 од овој правилник.

Член 11

За напредни електронски потписи во XML, CMS или PDF формат и придружни пакети за потпис треба да се исполнат следните стандарди:

- XadES основен профил се применува стандардот ETSI TS 103171 v.2.1.1.

- CadES основен профил се применува стандардот ETSI TS 103173 v.2.2.1.

- PadES основен профил се применува стандардот ETSI TS 103172 v.2.2.2.

Напредните електронски потписи треба да се создадени со употреба на процедури определени со стандардот ETSI EN 319 102-1.

Валидацијата на напредни електронски потписи треба да е во согласност со процедурите определени со стандардот ETSI EN 319 102-1.

Член 12

Придружниот пакет на електронскиот потпис треба да го исполни стандардот ETSI TS 103174 v.2.2.1.

Член 13

За напредни електронски печати во XML, CMS или PDF формат и придружни пакети за печат треба да се исполнат следните стандарди:

- XadES основен профил се применува стандардот ETSI TS 103171 v.2.1.1.

- CadES основен профил се применува стандардот ETSI TS 103173 v.2.2.1.

- PadES основен профил се применува стандардот ETSI TS 103172 v.2.2.2.

Член 14

Придружниот пакет на електронскиот печат треба да го исполнува стандардот ETSI TS 103174 v.2.2.1.

Член 15

Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за утврдување на стандардите кои треба да ги содржат квалификуваните сертификати за електронски потпис и за електронски печат, техничките стандарди кои треба да бидат исполнети, како и начинот на создавање на квалификувани електронски потписи или квалификувани електронски печати, стандардите кои треба да ги содржат потврдите за валидација на квалификуван електронски потпис или квалификуван електронски печат и стандардите кои треба да ги исполни квалификуваната доверлива услуга за зачувување на квалификувани електронски потписи или квалификувани електронски печати („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 35/20).

Член 16

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-216/3<br>17март 2025 година<br>Скопје

Министер<br>за дигитална трансформација,<br>Стефан Андоновски, с.р